**Година 2003, ноември , број 22**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ВО ФОКУС

На средината сме од зимскиот семестар од оваа по многу нешта значајна учебна година.

Наставните активности треба да се наоѓаат во својата најинтензивна фаза и истовремено проверката на досега стекнатото знаење зема замав. И за едното и за другото се неопходни сета енергија и воља со која располагаат и вработените и студентите.

Работата на иновирање на студиите на Факултетот се наоѓа истотака во интензивна фаза.

Секако е време да се фрли поглед и на празниците кои се веќе недалеку.

Да пробаме да го најдеме најдобриот можен баланс од кој ќе бидеме задоволни.

## РЕКОНСТРУКЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ

Во изминатиов период на МФС се извршени неколку реконструкции и тековни одржувања. При тоа се направени следните интервенции:

-тоалетите од јужната страна се реновирани и пуштени во употреба

-влезните врати во факултетот се сменети како и влезната врата во факултетскиот круг

-реконструкција на кровот на лаболаторијата на ХПА.

## ПОТСЕТУВАЊЕ

По повод прославата на Новогодишните и Божиќните празници, деновите 5 јануари (понеделник) и 6 јануари (вторник), се прогласуваат за неработни и ќе се празнува во континуитет од 1 до 7 јануари 2004 година. Со работа ќе се одпочне на 8 јануари (четврток). Поради тоа, деновите 6 и 13 декември 2003 година (саботи), се прогласуваат за работни, со тоа што на 6 декември ќе се држи настава по распоред за понеделник а на 13 декември ќе се држи настава по распоред за вторник.

## ИНТЕРНЕТ

Во тек е поврзување со алтернативен провајдер со што значително би се подобрила состојбата со интернет коенцијата.

## ТЕМПУС

Повторно потсетуваме дека се наближува крајниот рок за аплицирање за Темпус европски здружени проекти. Тоа е 15.12.2003

## ДОНАЦИЈА

Фирмата "СисКон" од Скопје донираше индустриски орман за сместување на уреди од локалната интернет мрежа. Уредот е сместен во Сметачкиот Центар, каде на ден 15.11.2003 (сабота) е монтиран и ставен во функција.



## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

На ден 13 и 14.11.2003 Студентите од IX и V/VI1 семестар од насоката заварување и заварени конструкции реализираа дводневна теренска настава. При тоа посетени се: Рафинерија на нафта ОКТА Скопје, ФЗЦ 11 Октомври Куманово, ФЕНИ Индустри Кавадарци, Фабрика за кабли Неготино, ТЕЦ Неготино, Конти Хидропласт Гевгелија и Цевководот на Дојранско езеро од с. Ѓавато до влез во езерото.



## НОВИ КНИГИ

Во библиотеката набавени се примероци од книгата:"Energy Efficiency Manual", Wleaton, 1999.

## СПОРТ

Во тек е универзитетската лига во кошарка. Моментално екипата на МФС е на третото место, со два порази (од ФФК и Земјоделски) и три победи. Победите се извојувани против Филолошки, ПМФ и против вечниот ривал ЕТФ кои ги победивме со 38 коша разлика, 63:25!

Екипата во пинг понг составена од вработени на МФС успешно учествува во универзитетската пинг понг лига и досега има три победи.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Делчо Јованоски во период од 23.11.2003 год. до 12.12.2003 година, ќе реализира посета на Унивезитетот во Braunshweig, Германија, со цел подго-товки околу предавањата што треба да ги одржи на Универзитетот во Софија.

2. Проф. д-р Емилија Ветаџокоска, од 16 до 18.11.2003 година, оствари службено патување во Солун, Грција заради посета на меѓународниот саем "Balkan and Black sea Partnerrshir".

3. Проф. д-р Зоран Пандилов, од 12 до 16.11.2003 година, оствари службено патување во Илменау, Германија со цел продолжување на започнатите активности предвидени со меѓународниот проект меха-троника.

4. Проф. д-р Милан Ќосевски од 5 до 8.11.2003 година, оствари службено патување во Словенија, Австрија и Германија, заради посета на Машинските Факултети во Марибор, Виена и ТУФ во Минхен.

5. Асс. д-р Ѓорѓи Аџиев, од 4 до 6.11.2003 година, оствари службено патување во Келн, Германија, со цел реализирање на започнатите активности предвидени со Темпус проектот IB-JEP-16047-2001.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**27.11.2002**
**34 СЕДНИЦА НА ННС**

**06.12.2002 и 13.12.2002**
**РАБОТНИ САБОТИ**

**25.12.2003**
**35 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*